# Извештај од постигнувањето на целите наведени во Стратешкиот план на ФФМ

# (2016-2021-2026)

| | |
|---|---|
| Година: | 2018 година |
| Подготвил: | Раководители на оддели при ФФМ<br>Генерален секретар |
| Одобрил: | Филип Поповски<br>Генерален секретар |

**Фудбалот на прво место, создаваме можности.**

Изминатата година за ФФМ беше јубилејна година. На 7 ми Февруари 1993 година, точно пред 25 години, Фудбалскиот сојуз на Македонија го организира првото независно собрание; додека пак пред 70 години, на 16ти Август 1948 година и формиран е Фудбалскиот сојуз на Македонија.

Како и сите изминати години, така и минатата, активностите на Фудбалската федерација на Македонија беа поврзани согласно утврдените цели од Стратешкиот план. Затоа, овој извештај преставува еден вид на описен дел на постигнатите и непостигнатите резултати согласно цели наведени во истиот за 2018 година.

Овој извештај е поделен на следниве сегменти:

- Сениорски екипи;
- Младински фудбал;
- Детски лиги и училишен фудбал ;
- Клубско лиценцирање;
- Женски фудбал;
- Футсал;
- Судии;
- Тренери;
- Безбедности,сигурност и интегритет на натпреварувањата;
- Зајакнување на капацитетите на фудбалската администрација и социјална одговорност;
- Маркетинг и комуникации;
- Организација на меѓународни натпревари и настани;
- Инфраструктура;
- Меѓународен успех;

Согласно креираната рамка на кратки, средни и долгорочни цели во кои сите заедно вклучувајќи ги и заинтересираните страни работевме градејќи подобра и поздрава средина за сите кои сакаат да бидат дел од нашиот фудбалски свет. Сите заедно обединети во радоста што фудбалот ја носи, продолжуваме и понатаму, не скршувајќи од зацртаните цели, но и изнаоѓајќи решенија и нови начини како да се справиме со предизвиците на кои наидуваме на патот кон успехот.

Пратејќи ги не само светските трендови, локалните фактори на ниво на државата имаат свое влијание. Согласно нашите анализирани податоци како и податоците добиени од државниот заводот за Статисктика.

Нашата држава има 80 општини (вклучувајќи ги 10-те на Скопје и град Скопје) и 1767 населени места. Фудбалски организирани во 6 региони се соочуваме со разноимени состојби кои е вредно да ги истакнеме. Некои региони или микрорегиони и населени места се соочуваат со намалување на вкупното население поради природното намалување, но и поради иселувањето.Поради тоа, голем простор во регионите останува популационо непокриен (демографски празен) и без фудбалски ресурси. Имено,податоците од 2017 година покажуваат дека во скопскиот регион живее 30 % од вкупното население во РМ, а неговата густина е 343,5 жители на километар квадратен, додека источниот, вардарскиот и југоисточниот зафаќаат површина од две петтини (41,3%0 од Македонија) а во нив живеат помалку од една петтина население (24,3 %).

Во поедини општини демографските анализи покажуваат дека се соочуваат со драматично намалување на населението.

Миграциите исто така влијаат на овие состојби, но се менува и старосната структура, што директно влијае на намалувањето на вкупните ресурси на млади лица кои ги сметаме како потенцијал за ангажирање во фудбалските редови.

Во однос на економските показатели, за изминатата година, релавантни се следните податоци

Бруто домашен општествен производ по глава на жител 288 967 денари,
Просечна месечна нето плата ...................................... 24 548 денари,
Стапка на вработеност .........................................................45 %,
Стапка на невработеност ....................................................20,8 %

Наидувајќи на предизвици и потешкотии, се трудевме да изнајдеме нов пристап за остварување на зацртаните цели и покрај надминување на одредени рокови. Многу е важно за раководењето со фудбалот да останеме и понатаму транспарентни и да продолжиме да влеваме доверба кај сите кои допринесуваат за развојот на фудбалската игра.

Нашите натпреварувања испраќаат јасна порака колку луѓето го сакаат фудбалот. И не само на професионално ниво, туку и на аматерско, каде секојдневно се одигруваат натпревари ширум државата. ФФМ секогаш го става фудбалот на првото место. Затоа овој извештај го покажува начинот на функционрањето и постигнатите резултати, согласно зацртаните цели наведени во петте столбови на кои се заснова нашиот стратешки план.



## Сениорски екипи

Резултати и масовност на фудбалери во Сениорски лиги во текот на 2018 година е евидентно и контуинирано зголемен број на регистрирани фудбалери и учество на клубови во разни натпреварување во сениорскиот фудбал.
Согласно податоците добиени од страна на електронскиот систем за евиденција на фудбалери, КОМЕТ, во прилог статистички податоци на новорегистрирани фудбалери за 2018 година во споредба со изминатите години:

| | |
|---|---|
| 2014 год | 1012 |
| 2015 год | 1304 |
| 2016 год | 1403 |
| 2017 год | 2375 |
| 2018 год | 1916 |

Табеларен приказ на сениорски екипи по години




Шематски приказ на сениорски екипи по години

Во однос на измината година имаме намалување на бројот на новорегистрирани сениотски фудбалери.

## Младински фудбал

Во делот на резултатите и масовноста на фудбалери и клубови во младински лиги за 2018 година имаме зголемување  во повеќе категории кај младинските екипи. Согласно електронската евиденција КОМЕТ во прилог статистиката за изминатата година на ново регистрирани младински категории на фудбалери во однос на другите години од кога овој систем е целосно во функција:

| | Младинци | Кадети | Пионери | Пом.пионери | Петлиња | Пом.петлиња |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 год | 207 | 248 | 280 | 320 | 293 | 417 |
| 2015 год | 179 | 237 | 247 | 329 | 391 | 1168 |
| 2016 год | 182 | 194 | 260 | 271 | 314 | 1583 |
| 2017 год | 254 | 241 | 309 | 297 | 461 | 2883 |
| 2018 год | 283 | 247 | 265 | 334 | 353 | 3627 |

Табеларен приказ на новорегистрирани млади категории на фудбалери




Новорегистрирани младинци




Новорегистрирани кадети




Новорегистрирани пионери




Новорегистрирани помлади пионери




Новорегистрирани петлиња




Новорегистрирани помали петлиња

**<u>Детски лиги и училишен фудбал</u>**

Согласно предвидената цел *Развој на младинскиот фудбал* и согласно предвидените активности *Подобрување на услови за развој на детски фудбал* и *Одржување и зголемување на мотивацијата на играчите да продолжат со играње фудбал, од детски до младински фудбал*, беа превземени следните активности:

**Сезона 17/18:** Во период Февруари – Јуни 2018 завршена е втората полусезона од Детските Лиги 17/18, одиграни регионалните завршни турнири во шест региони и во шест категории (05-10), одлично организиран завршен турнир на ФФМ учество на 48 екипи и речиси 1000 играчи и добиени шампиони за сезона 17/18 во шестте засегнати категории. Во сезоната 17/18 учество на 114 клубови и 360 тимови и околу 7500 регистрирани играчи со право на настап во детските лиги сезона 17/18. На завршниот турнир беше крајната фаза на проектот „Мојата игра е фер плеј„, кампања со која сакаме да ја подигнеме свеста за фер плејот кај сите учесници, од играчи до судии, тренери и родители. На истиот беа поделени следните картончиња:




**Подготовка за сезона 18/19:** Во период Април – крај на Август 2018 извршени беа сите неопходни административни подготовки за сезона 18/19 и усвоени поголем број на значителни одлуки во насока на подобрување во функционирањето на лигите и нивна подобра промоција:

- Воведена незначителна котизација за улество во висина од 2600 денари по екипа;
- Зголемена судиска такса во висина од 300 денари по натпревар за регуларен дел од првенство – централизирано за цела Македонија и 600 денари по натпревар за финален турнир на ФФМ тренинг центар;
- Назначување на 6 засегнати Општински фудбалски сојузи и нивна вклученост во организацијата и спроведувањето на лигите;
- Превземање од страна на ФФМ на голем дел од трошоците кои произлегуваат од функционирањето на регуларниот дел на лигите кои во поголем дел беа сносени од клубовите. Вкупна проекција од околу 35.000 еур за сезона 18/19 која го вклучува регуларниот дел и финалниот турнир од кои повеќе од половина ги субвенционира ФФМ;
- Одобрено учество на двојно поголем број на учесници за завршен турнир во сезона 18/19 (од 48 на 96 екипи и од околу 1000 на околу 2000 играчи) со цел поголема опфатеност на региони

и во интерес на екипи а воедно и намалување на натпреварувачки карактер и несакани ситуации на шест регионални завршници;
- Одобрена набавка на опрема (Комплет дрес-шорц) за клубови кои ќе земат учество во сезона 18/19
- Изготвен план за организација на регионални семинари за родители на играчи кои се натпреваруваат во детските лиги 18/19 како критериум за стекнување на право за добивање на донација во опрема од ФФМ.

**Сезона 18/19:** Во период Септември – Декември 2018 комплетирана есенска полусезона од Детските Лиги 18/19 со нов организациски формат. Повторно учество на шест региони и шест категории (06-11). И покрај предвидувањата за минимално намалување на бројот на пријавени екипи, повторно зголемен број на учесници во споредба со претходната сезона и тоа значително. Учество на 121 клуб (7 повеќе од претходна сезона); 421 екипа( 61 повеќе од минатата сезона) и околу 8200 регистрирани играчи во Комет со право на настап во сезона 18/19, а заклучно со крај на есенска полусезона (зголемување од околу 700 играчи за само една полусезона.

Во Ноември 2018, во соработка со Центарот за едукација на ФФМ одржани претходно најавените семинари за родители, вкупно 7 и тоа во Кочани, Струмица, Велес, Битола, Скопје, Тетово и Охрид на кои присуствуваа околу 800 родители и беа одлично прифатени, за кои добивме одлични критики и ја постигнаа својата цел за едукација и во овој сегмент од вклучените страни.

Во Декември 2018 е реализирана планираната донација за клубовите учесници во детските лиги во сезона 18/19. Доделени беа 2600 комплети ЈАКО опрема со логоа на ФФМ и на детските лиги и дополнитено 1400 Адидас Грасрут фудбали. Донација со вкупна вредност од околу 65000 еур.
Во прилог табела за број на клубови и играчи со право на настап за 2018 година како и изминатите сезони:

| | Сезона 14/15 | Сезона 15/16 | Сезона 16/17 | Сезона 17/18 | Сезона 18/19 (до полусезона) |
|---|---|---|---|---|---|
| Клубови | 94 | 110 | 100 | 115 | 121 |
| Играчи со право на настап во сезона | 4800 | 7300 | 7000 | 7500 | 8200 |

Табеларен приказ детски лиги

Падот на клубови и регистрирани играчи во сезона 16/17 во однос на сезона 15/16 поради нововоспоставен систем на натпреварување во млади категории односно настап на една генерација наместо во ДЛ, во рагионални пионерски лиги. Поради иста причина и огромниот пораст во сезона 15/16 споредбено со 14/15, поради непланирано учество во детските лиги на една дополнителна категорија, првично предвидена да се натпреварува во младински натпреварувања.

Инаку, константен значителен пораст на регистрирани играчи со право на настап во детските лиги од околу 1000 новорегистрирани на годишно ниво со интенција во тековната сезона 18/19 да достигне до 1200 споредбено со претходната сезона.



Новорегистрирани фудбалери детски лиги

Во согласност со активностите за организирање на натпреварување во училишен фудбал во две категории, во 2018 год. се реализирани следните активности:

Училишна година 17/18 – второ полугодие (прва фаза од проект Фудбал во Училишта):
Во период Јануари - Февруари 2018 беа превземени сите подготвителни активности со цел имплементирање и почеток со првата фаза од проектот Фудбал во Училишта, претходно одобрен од УЕФА и ФФМ, како една од четирите федерации кои учествуваат во пилот фазата предвидена во период 2017-2020. Во таа насока организирани беа повеќе работилници, превземени теренски активности и анализи, изготвени прирачници за вклучени лица и брошури, изготвени документи со цел да се стават во употреба во првата фаза од проектот како листа на учесници, распоред на активности, формулар за евиденција на резултати како и Ексел Дата база и истите дистрибуирани.

На почетокот на месец Март 2018, потпишан е договор за соработка со Федерација за училишен спорт на Македонија (понатаму: ФУСМ) како партнер федерација, засегната и одговорна за имплементирање на спортски активности во улилиштата на територија на РМ.
Во период Март – крај на Мај 2018, реализирани предвидените теренски активности во 10 градови кои земаа учество во пилот фазата.
На почетокот на месец Јуни 2018, одржан првиот финален турнир на тренинг центарот на ФФМ, наменет за учесниците и најдобрите по првата фаза од проектот.

Подолу и достигнатите резултати, во најголем дел изразени преку бројки:

-Училишни натпревари
- Учество на 11 Општини и вкупно 44 Основни Училишта во прва фаза;
- 2 Натпреварувачки категории (Ученици од 2ро/3то одд. и ученици од 4то/5то одд.);
- Повеќе од 5000 ученици учесници во училишни натпревари од кои околу 1000 девојчиња;
- Опфатени 50 наставници по физичко образование и околу 320 наставници волонтери;
- Одиграни 950 училишни натпревари на 475 настани;
- Континуирана фудбалска активност во времетраење од три месеци.

- Меѓу-училишни натпревари
- Одиграни 88 Меѓуучилишни натпревари на 22 настани;

-Завршен турнир на ФФМ Тренинг Центар „Петар Милошевски“:
- Учество на 22 екипи победници во своите Општини ;
- Околу 350 деца учесници, 2 категории, 28 натпревари, 8 мини терени ;
- Награди за најуспешните, многу дружење и забава и незаборавно искуство за сите учесници.

Во текот на месец Јуни, направен финален извештај со сите податоци, истиот искомуницирани и усвоен.
Во период Јули - Август 2018 беа превземени сите подготвителни активности со цел имплементирање на втората фаза од проектот во согласност со планот за опфатеност на истиот. Повторно, како и пред првата фаза, организирани беа повеќе работилници, превземени теренски активности и анализи, изготвени прирачници за вклучени лица и брошури, изготвени документи со цел да се стават во употреба во претстојната фаза од проектот како листа на учесници, распоред на активности, формулар за евиденција на резултати како и Ексел Дата база и истите дистрибуирани. Новитет креирање на facebook страна посветена единствено за проектот. Кон крајот на Август 2018, потпишан договорот за соработка со ФУСМ кој ја опфаќа втората фаза од проектот.

Во период Септември – Ноември 2018, реализирани предвидените теренски активности во рамките на првото полугодие од втората фаза во 21 град.
Опфатеност: 9703 регистрирани учесници во Ексел дата база заклучно до крај на прво полугодие со интенција заклучно со крсјот на втората фаза да достигнеме број од најмалку 10500 ученици на возраст од 7 – 10 години кои ќе земат учество во втората фаза. Околу 105 наставници по ФО вклучени во изведбата на втората фаза. Индиректно опфатени околу 640 одделенски наставници. Заклучно со крајот на втората фаза, планирано да се дуплира бројот на одиграни натпревари, да се дуплира бројот на учесници на завршницата во Мај 2019 со учество на 42 екипи, околу 700 деца и каде ќе бидат одиграни околу 50 натпревари.

Дополнителна училишна активност (Проект Фудбалски зимски радости – Football winter joys)
Проект изготвен и одобрен во согласност со препораките na УЕФА преку параметрите на ФФМ кој треба да вклучи 42 Грасрут настани во 21 град во Македонија, учество на околу 2800 деца и околу 105 наставници по физичко образовнаие. Истиот треба да се реализира во Февруари 2019 година.

**Клубско лиценцирање**

Изминатата година наврши точно 15 години од започнувањето на клубското лиценцирање сезона 2004/2005. Одделението за лиценцирање,заедно со своите стручни соработници, како и Претседатели на тела за одлука извршија нализа на клубовите кои ја доставија својата документација во постапката за лиценцирање за сезона 2018/2019 за натпреварувањата во организација на УЕФА и ФФМ.

Согласно Правилниците за лиценцирање, терминот за лиценцирање започна согласно предвидениот рок, со што Одделението за лиценцирање уредно испрати покана до сите клубови членови на Првата и Втората и Третите МФЛ. Целта беше сите клубови да се пријават во процесот за лиценцирање, како би влегле во постапката и би се здобиле со искуство за она што ги очекува во иднина

I. за УЕФА натпреварувањата беа пријавени следните клубови:
1. ФК Работнички АД – Скопје
2. ФК Ренова АД – с.Џепчиште, Тетово
3. ФК Вардар АД – Скопје
4. ФК Шкендија АД – Тетово
5. ФК Пелистер АД - Битола
6. ФК Шкупи 1927 АД – Скопје
7. ФК Силекс АД – Кратово
8. ФК Академија Пандев АД - Струмица

За домашно лиценцирање се пријавија клубовите членки на Првата, Втората и клубови од Третите лиги.

Документација во однос на УЕФА лиценцирањето беше доставена во предвидениот рок 01.03 за спортските, инфраструктурните, персоналните, додека за правните и финансиските критериуми беше 01.04. Поголемиот дел од клубовите уредно ја доставија документацијата со исклучок на ФК Шкупи 1927

АД – Скопје достави финансиска документација со закаснување а со претходна најава и ФК Пелистер АД – Битола кој воопшто не достави финансиска документација.
По прегледот на документацијата се увидоа одредени недостатоци за што клубовите беа известени да ги отстранат односно да достават дополнителни докази со што би се докажала исполнителноста на критериумите од Правилникот за лиценцирање. Се соочивме со проблеми кај ФК Пелистер АД – Битола, каде клубот не одогови и не се одзва воопшто на известуваата за достава на документација за исполнување на финанскиот критериум.

Комисијата за лиценцирање беше во тек од нејзиното назначување со активностите кои ние како Одделение за лиценцирање ги превземаме.
Врз база на извештаите од Одделението за лиценцирање, Комисијата за лиценцирање заседаваше во утврдениот рок 26.04.2018 и 03.05.2018 со продолжеток на седниците каде детално ги разгледуваше барањата за лиценца за клубовите за УЕФА натпреварувања.

Комисијата за лиценцирање на ФФМ им додели лиценци за учество во УЕФА натпреварувања за сезона 2018/19 на следните клубови:

1. ФК Работнички АД – Скопје
2. ФК Ренова АД – с.Џепчиште, Тетово
3. ФК Шкендија АД – Тетово
4. ФК Вардар АД – Скопје
5. ФК Силекс АД – Кратово
6. ФК Академија Пандев АД – Струмица
7.

Додека клубовите ФК Пелистер АД – Битола и ФК Шкупи 1927 АД – Скопје не добија лиценци за учество во УЕФА натпреварувања за сезона 2018/19.Врз основа на Решението на Комисија за лиценцирање, ФК Шкупи 1927 АД – Скопје поднесе жалба до Комисија за жалби за лиценцирање по што Комисијата ја прифати жалбата и издаде Решение за ФК Шкупи 1927 АД – Скопје за настап во УЕФА натпреварувања за сезона 2018/19.

Во поглед на изминатите 9 (девет) години имаме варирање во однос на добиените лиценци за УЕФА натпреварување, односно:

2009/2010: 4 клубови кои добиле лиценца;
2010/2011: 5 клубови кои добиле лиценца;
2011/2012: 5 клубови кои добиле лиценца;
2012/2013: 7 клубови кои добиле лиценца;
2013/2014: 8 клубови кои добиле лиценца.
2014/2015: 5 клубови кои добиле лиценца.
2015/2016: 7 клубови кои добиле лиценца.
2016/2017: 5 клубови кои добиле лиценца.
2017/2018: 6 клубови кои добиле лиценца.
2018/2019: 6 клубови кои добиле лиценца и 1 клуб добил лиценца од Комисија за жалби за лиценцирање

Клубовите кои се здобија со оваа лиценца а играат во едно од натпреварувањата од УЕФА, должни се да известуваат по финансискиот фер плеј односно да докажат дека немаат неизмирени обврски заклучно со 30.06.2018 и потоа 30.09.2018, а доколку успеат да се квалификуваат во групна фаза од натпреварувањето и заклучно со 31.12.2018.

Фудбалскиот клуб Вардар од Скопје, не ги намири своите обврски навремено за што беше отворена постапка од страна на Клубското финансиско контролно тело на УЕФА и беше даден рок истите да бидат подмирени заклучно со Ноември 2018 година. Поради не подмирување на истите, клубот беше предаден на adjucatory body на понатамошно разгледување со рок до 31.01.2019 за намирување на сите обврски од изминатиот период. Доколку истите не бидат затворениќе се применат санкции за неучество во едно од натпреварувањата на УЕФА во наредните дв години.

Клубовите понатаму продолжија да се лиценцираат во домашното првенство.
**Клубски мониторинг за клубови кои се натпреваруваа во УЕФА натпреварувања во сезона 2018/19:**

Фудбалскиот клуб Вардар од Скопје, во периодот по добивањето на лиценца за учество во УЕФА натпреварувањата а соглсано временските рокови за достава на финансиски извештаи, не ги подмири своите обврски навремено за што беше отворена постапка од страна на Клубското финансиско контролно тело на УЕФА и беше даден рок истите да бидат подмирени заклучно со Ноември 2018 година.
Поради не подмирување на истите, клубот беше предаден на adjucatory body на понатамошно разгледување кое тело донесе одлука во која се обврзува ФК Вардар АД – Скопје а најкасно до 31.01.2019 да ги подмири сите обврски кон фудбалери, тренери, вработени, клубови, даноци заклучно со 30.09.2018. Доколку истите не бидат затворени ќе се применат санкции за неучество во едно од натпреварувањата на УЕФА во наредните две години под услов Вардар да избори спортски пласман и добие соодветна клубска лиценца.
ФК Вардар АД – Скопје, ги подмири своите обврски во предвидениот рок за тоа.

Домашното лиценцирање
Сите клубови беа известени во врска со недостатоците кои произлегоа од доставената документација. Многу од нив ги доставија потребните докази, но истото така имаше и клубови кои се целосно незаинтересирани во однос на лиценцирањето. Ова е случај во Втора МФЛ каде имаме клубови кои за првпат се соочуват со процесот на лиценцирање и имаат потешкотии во средување на документацијата, но главен проблем кај кандидатите за Втора МФЛ е заостанат долг за картони и казни кој секоја година се зголемува. Овдека проблем претставува тоа што долгот за картони и казни кон ФФМ не е дел од финанските критериуми во Првилникот за лиценцирање на клубови за натпреварување во Прва и Втора МФЛ и Одделението за лиценцирање не е во можност преку Правилникот да ги притсне клубовите да го регулираат овој долг.

Одделението за лиценцирање преку дописи, емаилови и телефонски јавувања е во постојан контакт со клубовите во однос на дополнителната документација. Во последниот допис до нив е побарано да достават:

- Доказ дека клубот располага со најмалку 4 младински категории;
- Доказ дека имаат најмалку 12 професионални фудбалери (Листа на фудбалери прв тим, професионални договори и М1М2 обрасци) – за клубовите од Прва МФЛ;
- Шеф на стручен штаб ( Договор за професионално тренирање, М1М2, УЕФА ПРО лиценца);
- Изјави по член 50 и 51 од Правилникот за лиценцирање;
- Статут;
- Решение за упис на основање;
- Историјат на промени ( доколку сте имале упис на промени во ЦРМ);
- ЗП Образец;
- Листа на овластени потписници во постапката за лиценцирање.
-

Заедно со овие документи, се бара од клубовите да ги подмират своите обврски за казни, дисциплински мерки, жолти и црвени картони за сезона 2017/18, како и да извршат уплата на котизација за сезона 2018/2019. До секој клуб поединечно е испратен допис заедно со рекапитулар во однос на средствата кои се уплатени како котизација од 2017/2018 сезона, потрошени средства, долг за наплата, средства за котизација за 2018/2019.

Рок за уплата и достава на горенаведените документи е 17.07.2017 година.
Сите клубови кои се натпреваруваат во Првата и Вторите лиги ги исполнуваат условите согласно Правилниците за лиценцирање.

Исто како и минатите сезони и оваа сезона во Одделениеето за лиценцирање беше извршена контрола од страна на сертификационата куќа СГС Швајцарија, дали истото функционира согласно Стандардите за лиценцирање на УЕФА. И оваа година резултатот беше позитивен во рамките на пропишаните регулативи.

SGS APPROVED
Club Licensing Quality
Standard V 2.0
www.uefa.com

<u>Женски фудбал</u>

Во текот на 2018 година согласно добиените резултати постои масовноста на фудбалери и клубови во женски фудбал. Податоците превземени од електронската евиденција КОМЕТ во прилог статистиката за изминатата година на ново регистрирани фудбалери во женски фудбал однос на другите години од кога овој систем е целосно во функција како и на вкупниот број на фудбалери во женски фудбал:

| | |
|---|---|
| 2014 год | 39 |
| 2015 год | 146 |
| 2016 год | 202 |
| 2017 год | 272 |
| 2018 год | 530 |

Табеларен приказ на ново регистрирани фудбалери во женски фудбал по години



Новорегистрирани фудбалери во женски фудбал



Вкупен број на фудбалери во женски фудбал

| | |
|---|---|
| 2014 год | 103 |
| 2015 год | 249 |
| 2016 год | 451 |
| 2017 год | 723 |
| 2018 год | 1253 |

Табеларен приказ на вкупен број на фудбалери во женски фудбал

Едукацијата на женски тренери е исто така во пораст и копмаративно во однос на изминатите години ситуацијата изгледа вака:
Во 2015 год вкупно со УЕФА Б лиценца- 5, со Национална Ц лиценца 21
Во 2016 год вкупно со УЕФА Б лиценца – 15, со Национална Ц лиценца 24
Во 2017 год вкупно со УЕФА Б лиценца 26 (од кои 7 продложија со школување на УЕФА А ниво), со Национална Ц лиценца 26

Во 2018 година имаме вкупно 25 тренери со УЕФА Б лиценца и 7 со УЕФА А лиценца, 27 тренери со национална Ц лиценца и една жена тренер носител на Национална Фитнес Лиценца

**Футсал**

Податоците превземени од електронската евиденција КОМЕТ за изминатата година покажуваат многу мал пад на ново регистрирани фудбалери во футсал. Во прилог табеларен приказ во однос на другите години од кога овој систем е целосно во функција како и на вкупен број на фудбалери во футсал:

| | |
|---|---|
| 2014 год | 14 |
| 2015 год | 107 |
| 2016 год | 182 |
| 2017 год | 159 |
| 2018 год | 154 |

Табеларен приказ на ново регистрирани фудбалери во футсал по години




Новорегистрирани фудбалери во футсал




Вкупен број на фудбалери во футсал

| | |
|---|---|
| 2014 год | 428 |
| 2015 год | 535 |
| 2016 год | 717 |
| 2017 год | 876 |
| 2018 год | 1030 |

Табеларен приказ на вкупен број на фудбалери во футсал

**<u>Фудбалски судии</u>**

Во 2018 година трендот на заинтересираност за судискиот повик за жал не бележи зголемување, за разлика од минатата година кога тој тренд беше во нагорен тек. Судиската комисија во наредниот период по пат на едукација и информирање по клубовите да регрутира судии од нивните редови, фудбалери кои по било кој основ не избориле место во првиот тим.
За поздравување е фактот што во 2018 година бројот на негативни оцени е преполовен.

Во однос на ангажираноста на меѓународните судии, Александар Ставрев е повторно најангажиран наш ФИФА судија, но благодарение на УЕФА со делегирање 6 судии на натпреварите од Лигата на шампиони и Европа Лига и останатите ФИФА судии се ангажирани на дел од тие натпревари.

Во 2018 година испразнетото место во ФИФА за футсал го пополнивме со Доне Ристовски од Гевгелија, кој по препорака на Судиската комисија на ФФМ е прифатен од страна на Судискиот комитет на ФИФА

<u>Судиски едукации</u>

Судиската организација секоја година организира два редовни семинари (летен и зимски) за судии и контролори, на кои што се проверува физичката подготвеност на судиите, како и познавање на Правилата на фудбалската игра. На тестот од Правилата на фудбалската игра се подложни и контролорите кои се на листите на МФЛ. Едукативниот дел, исто така, е задолжителен на секој семинар.
Зимскиот семинар во 2018 година беше организиран од 8 до 11 февруари во Охрид, едукацијата и теоретскиот дел од семинарот беше во хотелот Инекс Горица, а фитнес тестот на СРЦ Атина Бојаџи.
Летниот семинар во 2018 година се спроведе исто така во Охрид, во хотелот Инекс Горица, во период од 26 до 29 јули, а стадионот на Билјанини Извори беше домаќин на фитнес тестот.
Како претходните, така и во 2018 година се спроведоа дополнителни 4 фитнес тестови за проверка на физичката подготвеност на судиите.

**<u>Тренери</u>**

Во однос на активностите предвидени во Стратегискиот план на ФФМ за периодот 2016-2026, во делот за раст и развој на играта, Центарот за едукација и тренерската организација ги реализираа следниве активности:

Во месеците Април, и Јуни се одржа курс за добивање на **УЕФА Б** тренерска диплома на која учество земаа 36 тренери (23-та генерација), во месеците Октомври и Ноември се одржа уште еден курс за добивање на УЕФА Б тренерска диплома (24та генерација) на која учество земаа 48 тренери. Секоја од нив проследи двонеделна програма од теоретско-практични презентации кои одеа во насока на работа со млади категории. За овие тренери теоретскиот испит се одржа во три термини и тоа во периодот Јуни, Јули и Септември за 23та генерација и Декември за 24та генерација.

Во Март се одржа третиот Модул од програмата за добивање на **УЕФА А** Диплома. Ова е 12-та генерација на тренери која програмата ја почна во 2017 и во неа учество земаа вкупно 46 тренери.

Како дел од Грасрут програмата за развој на фудбалот во детските лиги на ФФМ, одделот за грасрут заедно со Центарот за Едукација спроведоа реализација на програмата за едукација на тренери и родители вклучени односно инволвирани во натпреварувањата на Детските лиги на ФФМ. За таа цел во месец Ноември се одржаа седум регионални еднодневни семинари за едукација/советување на родители чии деца се членови на клубови кои се натпреваруваат во детските лиги на ФФМ – Национален Сертификат за лидери **(Д – лиценца)**. Регионалните семинари беа организирани на во Кочани, Струмица, Велес, Битола, Скопје, Тетово и Охрид на кои присуствуваа околу 700 родители.

Во склоп на програмата на УЕФА за остручување и усовршување на тренерскиот кадар во фудбалските асоцијации, ФФМ беше поканета да присуствува на меѓународни семинари за размена на искуства и знаења во три различни држави и на три различни теми:

- Март 2018 на тема Учење/тренирање врз реални основи (reality based learning)
- Декември 2018 на тема Развој на Центри за Едукација по национални асоцијации

На сите овие семинари, ФФМ го испрати одговорниот за односниот оддел како и тренери/интруктори инволвирани соодветни на темата на семинарот. Идејата на овие семинари е размена на сопствените искуства и знаења со повеќе држави од европа а со цел подобрување на ситуацијата во одделот каде тие стручни лица/тренери припаѓаат.

Во периодот 2018 а во склоп на делот за развој на женскиот фудбал, зголемување на тренери-жени **со УЕФА Б Диплома, вкупно 13 жени/девојки** се стекнаа со ова ниво на стручност и сега вкупна бројка на жени тренери носители на УЕФА Б Диплома е 32. Овие тренери беа финансирани/подржани со средства од УЕФА и ФФМ за развој на женски фудбал.

Во месеците Април, Мај и Септември се одржаа трите Модули од програмата за добивање на **УЕФА А диплома за тренери на голмани**. За време на одржување на Модулите присутен беше и УЕФА Менторот за Македонија Г-дин Ватрослав Михачич. По завршувањето на програмата и комплетирање на обврските на кандидатите успешно се одржа и првиот практично теоретски испит во месец Ноември со кандидатот Љупчо Кметовски.
Во месец октомври се одржа првиот модул од семинарот за добивање на **Национална Фитнес лиценца** со присуство на стручни предавачи од Македонија (Ванчо Поп Петровски, Вујица Живковиќ, Иван Јовановски Карас) и од УЕФА (Оливие Доља и Лоик Реми).

Во Февруари се одржа редовниот годишен **Форум на тренери** во организација на Трнерска Организација и Центар за едукација на ФФМ на кој присуствуваа околу 400 тренери.
Пред почетокот на натпреварувачката 2018/19 сезона, во месец Август 2018, а заедно со тренерската организација на ФФМ, го организирше редовното годишно лиценцирање на сите тренери кои се активни во натпреварувањата на ФФМ. Тука спаѓаат тренери кои работат во Прва и Втора МФЛ, младинските лиги, женски фудбал како и футсал лигите.
Започнат е проект со Македонската асоцијација за човечки ресурси од Еразмус + програмата, која опфаќа едукација на нашите тренери заедно со нивните колеги од Грција, Австрија и Италија во областа на социјалните вештини. Овој проект својата завршница и едукација на истите ќе ја има во месец Јуни 2019 година.
Издадени се две стручни списанија „За Тренерот„ кои се стручна публикација и со содржина согласно тренерската едукација.

**<u>Безбедност, сигурност и интегритет</u>**

Одделот за безбедност, сигурност и интегритет во натпреварувањата при ФФМ работеше согласно неколку сегменти. Првиот сегмент се однесува на обезбедување на националните селекции каде_мерките и активностите беа превземани во консултации со останатите оддели на ФФМ. Мерките беа превземени врз основа на добиените информации и согласно тоа бе вклучени останатите заинтересирани страни како
- МВР,
-Агенцијата која ќе врши физичко обезбедување,
-Бригадата за ППЗ,
-ЕВН,
-Т-Мобиле,

-МК-Тикетс,
-Медицинска служба,
-Претставник од службите на стадионот-салата,
-Медиуми (телевизиски пренос и реклами),
-Кетеринг служба,
-Служба која ќе опслужува со пијалоци за гледачите на стадионот и други служби од кои ќе произлезат потреби.
И одржување на координативни состаноци каде беа донесени мислења и одлуки за превземање мерки и активности со цел за безбедно организирање и одигрување на одредениот натпревар.
Активностите превземани за ,,А,,репрезентацијата (мажи) беа насочени со поголем акцент на безбедност и сигурност, според Правилникот на ФИФА и УЕФА, 45 дена пред почетокот на денот на натпреварот. За одржување на секој натпревар од било која репрезентација, од страна на Комисијата за безбедност беше изговуван **ПЛАН** за мерки и активности на одредениот натпревар предвидени во правилниците за безбедност и сигурност на ФИФА, УЕФА, ФФМ, како и Законите на Р.Македонија, Закон за Спорт и Закон за спречување на насилството и недоличното однесување на спортските натпревари.
Во месец септември, се одржа регионален состанок во Охрид, на кои присуствуваа комесарите за безбедност од соседните земји заедно со преставниците на нивните полиции, преставници од нивните министерства за внатрешни работи, преставници на УЕФА од одделот за безбедност на кои се разговараа теми кои заеднички не обединуваат во погледот на безбедноста и сигурноста а сето тоа пред почетокот на новот натпреварување, УЕФА Лигата на нациите.

Другиот сегмент се однесува на домашното првенство, каде наактивностите беа насочени кон: Категорија (мажи)

- Прва лига
- Втора лига (исток и запад)
- Трета лига
- Сите Куп натпревари
- Бараж натпревари за во погорна лига
- Младинска лига
- Футсал лига

Категорија (жени)

- Прва лига
- Втора лига
- Куп натпревари

Овие активности беа насочувани и превземени според правилникот за безбедност на ФФМ и УЕФА, Законот за Спорт и Законот за спречување на насилството и недоличното однесување на спортските натпревари. Се следеа сите натпревари кои беа прогласени за висок ризик пропратени со соодветни мерки.

Следниот сегмент се однесува на работата со гледачите и навивачките групи на фудбалските клубови.
Постапувајќи по Законот за Спорт, Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари, Правилникот за безбедност и сигурност на УЕФА и ФФМ, Комисијата за безбедност има задолжителни обврски да превзема мерки и активности, заедно со управите на фудбалските клубови кон гледачите и навивачките групи на фудбалските клубови.
Имајќи во предвид а и според досегашните анализи, може да се каже дека во изминатата година не се евидентирани поголеми инциденти на фудбалските натпревари во Република Македонија, но се забележани одредени прекршоци од страна на поединци, мали групи или претставници на фудбалски клубови. Прекршоците се прават со извикување на вулгарни и недолични зборови, навредување на спротивна навивачка група или службени лица, фрлање на тврди предмети, оштетување на инвентар,

пеење на песни кои предизвикуваат расна, национална и верска омраза, истакнување на тренспарети со навредлива содржина, вршење на притисок над гостинските играчи, судиите, делегатот.
Поради тоа, се покрена иницијатива за организирање на заедничка кампања на ФФМ со ОБСЕ, во насока на спречување на говорот на омраза, за што беше организирана двонеделна работилница во Крушево на која беа поканети и преставници на клубовите од првата лига, преставници од Министерството за внатрешни работи и останати структури. Кампањата е договорена освен работилницата да стартува од Февруари 2019 година каде ќе бидат прикажани спотови за подигнување на свеста кај гледачите и посетителите на стадионите.

Во делот на интегритет на натпреварувањата, развој и интензивирање на комуникации со ФИФА и УЕФА, МВР со цел подигнување на нивото на организација како на административен, оперативен и превентивен план беше една од главните цели на овој оддел.
Се зема учество на состаноци и работилници со комисијата за делегирање на судии, комисијата за натпреварување и дисциплинската комисија, со цел намалување на ризикот од притисоци и закани од страна на други лица кон службени лица (судии и делегати).Се организираа предавања на младинските национални селекции во областа на интегритетот на натпреварувањата, ризиците од местените натпревари и другите лоши појави кои не опкружуваат во фудбалот. Учествуваше во споделување и прибирање на информации во врска со договарање од страна на играчи, членови на управи или други службени лица за учество во местење на фудбалски натпревар, и истите беа доставувани до Раководителот на одделот за безбедност и интегритет во ФФМ, за превземање на понатамошни мерки и активности.

**<u>Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација</u>**

Во текот на изминатата година, како дела од иницијативата за добро раководњење или популарно good governance, се врши инвестирање во развојот на фудбалската администрација. Истата беше дел од многу семинари и работилници кои се користеја за зголемување на познавањата од секоја област поединечно, како и размена на искуства со останатите членки асоцијации на УЕФА.
Завршена е едукацисјата програма за Сертификат за фудбалски менаџмент во организација на УЕФА, каде учествоземаа вработените од секретаријатот на федерацијата како и преставници на фудбалските клубови со цел надградба во делот на фудбалскиот менаџмент. Оваа настава се одржа во Македонија.
Оваа програма е реализирана од УЕФА а академски поддржана преку IDHEAP школата за бизнис администрација во Лозана.

Вкупната едукациската надградба на генералниот секретаријат во ФФМ изгледа вака:

| | |
|---|---|
| Сертификат за фудбалски менаџмет (CFM) | 17 |
| Напреден спортски менаџмент ( МОК) | 1 |
| Диплома по фудбалски менаџмент ( DFM) | 4 |
| Магистерски студии за раководење со светски спортски модел (MESGO) http://www.mesgo.org/ | 1 + 1 кој сеуште ја посетува едукацијата и во 2019. |

Табеларен приказ на број на едуцирани лица од секретаријатот на ФФМ

Диплома по фудбалски менаџмент е програма исто така организирана од страна на УЕФА а академски поддржана од IDHEAP школата за бизнис администрација во Лозана. Од двата курса, учесниците се здобија и со кредит трансфер бодови кои можат да ги искористат понатаму во својата едукациска надградба.

МЕСГО програмата, преставува магистерски студии односно совршена комбинација помеѓу спортот и академската заедница. Програма зад која стојат 5 угледни универзитети и истражувачки институции кои ја предаваат програмата во соработка со спортските партнери. Дипломите од истите се од Универзитетот

Sciences Po во Париз за првиот (https://www.sciencespo.fr) и за вториот кандидат CDES Универзитетот во Limogues (http://www.cdes.fr) од МЕСГО V програмата.

Вкупен број на едуцирани лица од клубовите со Сертификат за фудбалски менаџмет 2.
Одржаните едукации се направени врз основа на

Извршени се многу соработки и проекти со останати институции како Мобилност, Македонска Асоцијација за човечки ресурси преку Еразмус + програмата, ФАРЕ, КАФЕ и други.

Континуирано се вршат едукации на клубскиот секретаријат особено во делот на тренерската струка, клубското лиценцирање, правила на судиска игра, докторите во клубовите итн преку редовни состаноци и средби.

## Социјална одговорност

Во областа на социјалната одговорност, сегментот инклузија, во текот на изминатата година имавме многу активности. Во месец Април 2018 е одржана работилница со преставниците на 4 општини во кои се наоѓаат стадионите дел од хет трик програмата и споделување на Правилникиот за инфраструктура 2018, со посебен акцент на делот за лица со инвалидитет

За прв пат направивме коментирање со знаковен јазик на два фудбалски натпревари месечно од Прва македонска фудбалска започнувајќи од есенски дел на првенство сезона 2018-2019 .
Одржан е семинар за лицата одговорни за лица со инвалидитет од клубовите од Првата лига.
По препорака на Фудбалската федерација на Македонија воо меџец Октомври 2018: СОС Детско село - Македонија доби награда од УЕФА Фондацијата за деца за развој на спорт.
Во соработка со останатите партнери, ги реализиравме следните активности

-CAFÉ: организирање на активности во рамките на CAFÉ action week (http://www.cafefootball.eu)
- FARE: организирање на активности во рамки на FARE action week (https://farenet.org)
-World heart association: организирање на активности за одбележување на world heart day односно светскиот ден на срцето (https://www.world-heart-federation.org)

Започнавме со постапка за воведување на систем за менаџирање со отпад и заштита на животната средина.
Потпишан беше договор со фирмата ПАКОМАК како најповолна понуда и поставување канти за селектирање на отпад во административната зграда и контејнери пред административна зграда
Извршивме поставување на канти за селектирање на отпад на Националната арена Филип Втори, при настап на националните тимови и извршивме анализа преку извештај за за селектиран отпад во периодот Јуни 2018- Декември 2018 .

Во фаза на изготвување и поставување на соларните панели на Куќата на Фудбалот и тренинг центарот на ФФМ како една од мерките за зачувување на животната средина и намалување на трошоците за елктрична енергија. Избрана е компанија за поставување на истите и во фаза е изработка на проект за имплементација.

## Маркетинг и комуникации

Во согласност со целта за континуриана презентација на бренд идентитетот на ФФМ, во 2018 година беа испорачани подароци и брендинг материјали за претставување на Фудбалска Федерација на Македонија согласно активностите на националните репрезентации, редовните натпреварувања и настани во организација на ФФМ.
Како дел од промоцијата на настани, во 2018 година најголем акцент беше ставен на промоција на натпреварите на А репрезентациј а во рамки на Лига на Нации. Македонската репрезентација веше во Лига Д соочувајќи се со противници кои од спортски аспект можеа да и донесат на нашата селекција историска можност за пласман на Европско Првенство во 2020 година, но од комерцијален аспект беа доста не атрактивни, што значи дека вистински предизвик беше да се донесат гледачи на Националната Арена во Скопје, каде беа закажани натпреварите. Со цел да се истражат можностите за привлекување на што поголем број на гледачи на натпреварите беше подготвена онлајн анкета на платформата SurveyMonkey која во временскиот период од 02.05.2018 до 14.05.2018 година имаше 500 одговори и беше дистрибуирана преку сите дигитални канали на ФФМ (веб страна, профили на социјални мрежи, по пат на електронска пошта).
Резултатите од анкетата беа основа за кампањата #СегаЕНашеВреме #АјдеНаСтадион која беше креирана со цел промоција на натпреварите во рамки на Лига на Нации, а со оглед на тоа што целта за пласман на првото место во групата беше остварена, оваа кампања треба да остане активна и во наредниот период, т.е. до евентуалното одигрување на двата меча за пласман на Европското првенство преку Лига на Нации во март, 2020 година.
Во 2018 година беа обележани јубилеите 25 години од првото независно собрание на ФФМ и 70 години од постоење организиран фудбал во Македонија. За таа цел поголемиот дел од промотивниот материјал на ФФМ беше одбележан со ознаки за 25 и 70 години. Понатму, како одбележување на 25 години од првиот натпревар на македонската фудбалска репрезентација против Словенија пред натпреварот од Лига на Нации против Лихтенштајн на 13. Октомври, 2018 на свечена церемонија им беа доделени признанија на сите репрезентативци, претставници на стручниот штаб и новинари кои беа дел од првата репрезентација, а кои се одповикаа на нашата покана да бидат дел од церемонијата.
Традиционалната гала манифтестација Најдобрите во македонскиот фудбал за сезона 2017/18 беше одржана во Македонски Народен Театар на 21.12.2018 г. За одредување на номинациите и добитниците на награди беше спроведена постапка за утврдување на номинации и гласање одобрени и потврдени од страна на Управниот Одбор на ФФМ. На манифестацијата присуствуваа 450 гости.
Во однос на комуникацијата, Во 2018 година на официјалната веб страна на ФФМ имаме вкупно 1507 објави.Според аналитиката на страната посетеноста и задржувањето на страната е во рамки на просекот во последните 2 години, односно не бележи позначајни подеми ниту падови. Со повеќе од 2.000.000 прегледи сеуште е помеѓу водечките страни за спортска содржина во Македонија.




Google аналитика за посетеност на страната www.ffm.mk

Профили на социјални мрежи:
Facebook – во 2018 година бројот на следбеници на профилот гравитира околу 89.000, доближувајќи се до 90.000 во моменти кога А репрезентација постигнува успеси и опаѓајќи во периоди кога има помал број на репрезентативни натпревари и настани.
Instagram – профилот на оваа социјална мрежа брележи најголем раст во 2018 година, на која од 4060 следбеници во јануари, 2018 година публиката се искачи на 7.700 следбеници во декември, 2018 година.
Tweeter – до крајот на 2018 година на оваа социјална мрежа имаме 1830 следбеници, што е во рамки на планираното и очекувањата бидејќи оваа социјална мрежа не е во примарен фокус, имајќи ги во предвид корисниците кои се целна група на ФФМ.
Согласно анализата добиена од страна на компанијата која соработува со УЕФА, истото погоре е потврдено, за што во прилог се наведени и последните извештаи кои се однесуваат на претпоследниот квартал за 2018:

**Macedonia - Q3 (July to October 15) - Key Statistics**

| | Q3 | % Change from Q2 |
|---|---|---|
| Email marketing subscribers | | |
| YouTube subscribers | | |
| Instagram followers | 6,581 | +27.3% |
| Twitter followers | 1,768 | +4.6% |
| Facebook fans | 88,606 | +0.5% |
| Website visitors | 65,326 | +4.3% |
| | Total for 2016/2017 | |
| Registered players 2016/17 | 25,165 | |
| Average TV audience | 144,399 | |
| Population 2016/17 | 2,083,200 | |
| Player Registration as % Population | 1.21% | |

Статистика од УЕФА за комуникациски канали на ФФМ сл.1




Статистика од УЕФА за комуникациски канали на ФФМ сл.2

Малопродажбата на брендирани производи на ФФМ (дресови, опрема која ја носи репрезентацијата, мини топки и слично) во 2018 година се одвиваше единствено преку веб страната fanshop.ffm.mk. Во 2018 година се продадени вкупно 728 парчиња на 210 купувачи од Македонија и 57 купувачи од странство (цел свет).

Испораката на купените производи за Македонија ја врши Нова Пошта, додека испораката во странство (цел свет) по специјални услови ја врши DHL. Дел од купувачите (особено оние од Скопје) бираат своите купени производи да ги подигнат директно од ФФМ.

Како друга значителна активност потребно е да се истакне дека Во 2018 година продолживме со успешно спроведување на преноси на фудбалски натпревари во живо на ТВ платформата на ФФМ tv.ffm.mk. Оваа успешна имплементација на проектот кој е од големо значење за промоција на фудбалската игра беше препозната и од ФИФА, каде со проектот аплициравме за двегодишна поддршка преку ФИФА Форвард програмата во декември, 2017 година. По барање на ФИФА во 2018 година успешно беше спроведена тендерска постапка за избор на продукциска куќа која во партнерство со ФФМ ќе ја спроведува имплементацијата на проектот.

Во 2018 година на ТВ платформата беа пренесувани сите натпревари од Прва МФЛ, дерби натпреварите по коло од Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад, Куп натпревари (од четвртина финале, вклучително со финалето и финалиња на младинските купови) додека Финалето на Куп на Македонија покрај тоа што се пренесуваше на нашата платформа беше пренесувано и на ТВ 24, а за прв пат на овој натпревар имаше вклучување на коментатор на знаковен јазик – со цел доближување кон публиката со оштетен слух.
На платформата се вршеше и пренос на квалификациските натпревари на репрезентацијата до 21 година, натпреварите од елитните квалификации до 19 години, натпреварите од прелиминартните квалификации до 17 години.

Во 2018 година на ТВ платформата на ФФМ вкупно се пренесувани 271 натпревари од сите наведени категории. Од овие натпревари 48 се големо дерби (преднос со 4 камери и стрим сетови изнајмени од продукцијата), 65 се мало дерби (преноси со две камери и комбинирана опрема на ФФМ и продукцијата) и 158 се обични натпревари (со две камери и опрема во сопственост на ФФМ). Од натпреварувачката сезона 2018/19 сите натпревари кои се пренесувани на ТВ платформата на ФФМ се дел од архивата на натпревари и во моментов можат слободно да се прегледуваат и симнуваат.
Емисија „Куќа на фудбалот“
Во рамки на ФФМ ТВ во 2018 година се реализираше специјална емисија „**Куќа на фудбалот**“. Во емисијата „Куќа на фудбалот“ гостуваа фудбалски личности со кои разговаравме на актуелни теми и се обидовме на вистински начин да го афирмираме македонскиот фудбал и активностите поврзани со работата на Федерацијата. Емисијата се емитуваше на 24 телевизија во термин – понеделник, 22.45 часот во првиот дел од МФЛ, односно додека на истата телевизија се емутуваа и директните преноси од националниот шампионат. Во вториот дел од натпреварувачката сезона емисијата се емитуваше само на дигиталните канали на ФФМ со незадоволувачко влијание за што во последниот месец Декември истата беше стопирана се до оној момент додека не се најде соодветна телевизија која е заинтересирана истата да ја пренесува.

Во однос на спонзорите, Во 2018 година беа продолжени спонзорските договори со САВА Осигурување (31.12.2018) и Кодинг Горска.
Имајќи во предвид дека на крај на јуни, 2018 г. истекуваше договорот со нашиот технички партнер ЈАКО, на почетокот на 2018 година беа превземени активности за собирање на понуди за техничко партнерство. Понуди стигнаа од МАКРОН, ЛЕГЕА, ХУМЕЛ и ЈАКО и по направената евалуација на понудите и презентираните примероци од опремата, со одлука на раководството беше продолжен договорот со ЈАКО на следни две години (до завршувањето на квалификацискиот циклус за ЕУРО 2020 со клаузула за автоматско продолжување доколку нашата селекција се пласира на ова европско првенство).
Постои незадоволство во однос на исполнување на оваа цел поради тоа што на жалост не успеавме да договориме нови спонзори, кои ќе станат партнери со Фудбалската федерација. Причините за тоа се во недоволниот ангажман на ФФМ, незаинтересираност на спонзорите, економската ситуација во државата.

## Организација на меѓународни натпревари

Организирани се 3 меѓународни турнири во текот на изминатата година, и тоа:

- елитна рунда до 19 години;
- квалификациски турнир на репрезентации до 17 годни; и
- квалификациски турнир за девојчиња до 17 години.

Успешно се организирани сите домашни квалификациски натпревари на У21 и А репрезентацијата во Скопје како и многу пријателски натпревари за младите национални селекции.
Најголемиот број од натпреварите се одиграни на стадионите на тренинг центарот при ФФМ како и Националната Арена Филип II во Скопје.

## Инфраструктура

Континуирано се врши подобрување на инфраструктурата на стадионите низ државата.
Сите стадиони тековно се регистрираат во КОМЕТ системот и за истите се води евиденција.
Комисијата за инфраструктура вршиконтинуирана посета и дава понатамошни напатствија за отстранување на недостатоците.

Набавени се столчиња за одредени стадиони и истите се поставени на Стадионот Биљанини извори во Охрид, Стадионот во Ѓорче Петров, Градскиот стадион во Велес. Поставување на столчиња ќе следи и во 2019 година.

Преку Хет трик 5 програмата на УЕФА аплициравме за изградба на трибини за два стадиони и тоа: Стадионот Чаир во Скопје, Стадион Билјанини извори во Охрид. Очекуван завршеток на работите на двата стадиона е крајот на 2019 година.

Преку Форвард програмата на ФИФА во текот на 2017 година, набавени се три тв екрани од кои два се веќе поставени на стадионот Младост во Струмица и Стадионот на Тренинг центарот на ФФМ. Третиот екран сеуште се наоѓа во деопото на ФФМ и истиот е испланиран да се постави онаму каде што ќе се одигруваат меѓународни натпревари.

Преку Форвард програмата на ФИФА во текот на 2018 година беа набавени нови машини како дополна на тековната механизација. ФФМ заедно со својата стручна служба за одржување на стадиони и механизацијата врши одредени активности на голем број на терени по претходно барање од истите.

Исто така преку средства на УЕФА како и Форвард програмата на ФИФА завршен е сместувачкиот капацитет предвиден за академиите на ФФМ и УЕФА во склоп на куќата на фудбалот при Тренинг центарот на ФФМ. Направено беше свечено отварање на 15.02.2018 година со присуство на многу гости од УЕФА и ФИФА, а истиот почна целосно да функционира од Август месец 2018 година. Во него се сместени двете генерации на фудбалери од академиите каде имаат ноќевање, исхрана и соодветни предавања.

## **Меѓународен успех**

А национален тим - мажи

Во текот на месец Јануари, беше направена ждребката за новото натпреварување на УЕФА, Лигата на нациите. Истите овие натпревари се одиграа во периодот од Септември – Декември 2018 година, каде репрезентацијата на Македонија се натпреварување во четвртата Д групаи  го освои првото место. Следниот натпревар е полуфиналниот натпревар закажан за месец Март 2020 година против репрезентацијата на Косово кое води во финалето за место на Европското првенство 2020.

Group 4

| | Played | Won | Draws | Lost | For | Against | Goal difference | Points |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| FYR Macedonia | 6 | 5 | 0 | 1 | 14 | 5 | 9 | **15** |
| Armenia | 6 | 3 | 1 | 2 | 14 | 8 | 6 | **10** |
| Gibraltar | 6 | 2 | 0 | 4 | 5 | 15 | -10 | **6** |
| Liechtenstein | 6 | 1 | 1 | 4 | 7 | 12 | -5 | **4** |

Пласман на А репрезентација на Македонија

Изминатата година, А репрезентацијата на Македонија ја достигна 71 позиција на ФИФА ранг листата и заклучно со Февруари 2019 година, и е во рамките на зацртаната цел да се биде под 80 место




Фифа ранг листа

Репрезентација до 21 година

У21 репрезентацијата во текот на изминатите квалификации не задоволи со своите перформанси и истата ја заврши на претпоследното место од групата 7 за квалификациите за европското првенство. Мора да се напомене дека имавме и промена на тренерската позиција каде на место на Благоја Милевски беше извршена замена со Звонко Златановски, а потоа дојде Добринко Илиевски.

Group 7

| | Played | Won | Draws | Lost | For | Against | Goal difference | Points |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Serbia | 10 | 8 | 2 | 0 | 23 | 5 | 18 | **26** |
| Austria | 10 | 7 | 1 | 2 | 25 | 7 | 18 | **22** |
| Russia | 10 | 6 | 1 | 3 | 25 | 13 | 12 | **19** |
| Armenia | 10 | 2 | 3 | 5 | 9 | 16 | -7 | **9** |
| FYR Macedonia | 10 | 2 | 1 | 7 | 17 | 24 | -7 | **7** |
| Gibraltar | 10 | 1 | 0 | 9 | 2 | 36 | -34 | **3** |

Рангирање на у21 репрезентацијата по завршување на квалификациски циклу

**Постигнати резултати у21 година**

| Селектор: Благоја Милевски | | Селектор: Звонко Златановски | | Селектор: Добринко Илиевски | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одиграни натпревари | | Одиграни натпревари 2 | | Одиграни натпревари 6 | |
| Победи | 0 | Победи | 1 | Победи | 2 |
| Нерешени | 0 | Нерешени | 1 | Нерешени | 1 |
| Порази | 2 | Порази | 0 | Порази | 3 |

Вкупно натпревари (У-21)
Одиграни 10
Победи 3
Нерешени 2
Порази 5

**Останати младински репрезентации и академии**

Генерација на фудбалери родени 1999 год. (у-19)
Селектор: Вујадин Станојковиќ

Резултати на пријателски натпревари и резултати во Елитна група:
Одиграни натпревари 5
Победи 2
Нерешени 1
Порази 2

Самиот пласман на оваа генерација во елитната група преставува голем успех. Натпреварите од елитната група се играа во Скопје од 21-27.03.2018 год. и на нив покрај нашата репрезентација учесници беа и репрезентациите на Англија, Унгарија и Латвија. Секако дека прв фаворит за пласман на Е.П. беше репрезентацијата на Англија, иако ние потајно се надевавме дека можеме да бидеме учесници на Е.П. со оглед дека оваа генерација е една од нашите најдобри. Меѓутоа иако успеавме да ја победиме Англија со 2:0, предходните 2 (два) натпревари против Унгарија и Латвија неочекувано ги загубивме и не се оствари нашиот сон за учество на Е.П. Треба да се спомне дека најголемиот дел од фудбалерите од оваа генерација веќе се членови на репрезентацијата до 21 год.
Генерација на фудбалери родени 2000 год. (у-19)

Селектор: Добринко Илиевски

Резултати:
Одиграни натпревари 6
Победи 2
Нерешени 2
Порази 2

Оваа генерација на фудбалери Добринко Илиевски ја водеше до средината на Јули 2018 год кога беше назначен за селектор на репрезентацијата до 21 година, а на негово место беше поставен Горан Станковски.

Генерација на фудбалери родени 2000 год. (у-19)
Селектор: Горан Станковски

Резултати:
Одиграни натпревари 8
Победи 3
Нерешени 1
Порази 4

Со заминувањето на Добринко Илиевски во (у-21) Горан Станковски ја презеде оваа репрезентација со која учествуваше на квалификацискиот турнир за Е.П. кој се одржа во Чешка од 14-20. Ноември. На овој турнир покрај нашата репрезентација учествуваа уште и репрезентациите на Чешка, Хрватска и Луксембург. Иако според рејтингот кој го имаа Чешка и Хрватска важеа за фаворити, ние знаејќи го квалитетот на нашите фудбалери се надевавме дека може да се пласираме во елитната група. Сепак со гол во последните минути на другиот натпревар, репрезентацијата на Хрватска наместо нашата репрезентација обезбеди пласман во понатамошните натпреварувања.

Генерација на фудбалери родени 2001 год. (у-18)
Селектор: Горан Станиќ

Резултати:
Одиграни натпревари 9
Победи 0
Нерешени 2
Порази 7

Иако оваа репрезентација се пласираше во елитната група, сепак немаше доволен квалитет да се носи со посериозните Европски репрезентации. Тоа се покажа и на елитниот турнир за Е.П. кој се одржа во Полска. Сите 3 (три) натпревари ги загубивме и тоа против Реп.Ирска со 3:0, против Полска исто така со 3:0 и против Грузија со 6:1.
Оваа генерација следната година игра квалификации за Е.П.

Генерација на фудбалери родени 2002 год. (у-17)
Селектор: Марио Вујовиќ

Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 14 |
| Победи | 6 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 6 |

Репрезентацијата до 17 год. оваа година имаше квалификации за Е.П. кои се одржаа во Скопје од 20-26 Октомври. За што подобра подготовка за квалификацискиот турнир ФФМ успеа да договори 11 подготвителни натпревари преку кои оваа репрезентација требаше што подобро да се подготви за квалификацискиот турнир. На турнирот покрај нашата репрезентација учествуваа уште и репрезентациите на Шпанија, Израел и Фарските Острови. Секако дека главен фаворит за првото место беше репрезентацијата на Шпанија, а за 2-то место кое води во Елитна група требаше да се бориме ние и репрезентацијата на Израел. Првиот натпревар го игравме против Шпанија и одигравме доста солидно се до пред крајот на натпреварот кога после неколку наши грешки Шпанија успеа да постигне гол во 90+5 мин.

Генерација на фудбалери родени 2003 год. (у-16)
Селектор: Звонко Златановски

Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 11 |
| Победи | 3 |
| Нерешено | 1 |
| Порази | 7 |

Оваа репрезентација следната година ги очекува квалификации за Е.П. и мислам дека се работи за квалитетна генерација со тоа што ќе треба да се пополнат некои позиции на одредени места во тимот и мислам дека има доволно време подготвени да ги пречекаме квалификациите. За што подобра подготовка потребно е да одиграме помеѓу 10-12 меѓународни натпревари.

Генерација на фудбалери родени 2004 год. (у-15)
Селектор: Неџат Шабани

Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 6 |
| Победи | 2 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 2 |

Оваа репрезентација е во формирање и на натпреварите досега покажа дека се работи за мошне талентирана генерација.Најголем дел од фудбалерите кои ја сочинуваат оваа репрезентација се членови на УЕФА-ФФМ Академијата.

АКАДЕМИИ ПО ФУДБАЛ

Генерација на фудбалери родени 2000 год.(4-та год)
Тренер: Добринко Илиевски
Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 2 |
| Победи | 1 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 1 |

Генерација на фудбалери родени 2001 (3-та год)
Тренер: Горан Станиќ
Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 4 |
| Победи | 3 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 1 |

Генерација на фудбалери родени 2002 (2-ра год)
Тренер: Марио Вујовиќ
Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 2 |
| Победи | 2 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 0 |

Генерација на фудбалери родени 2003 (1-ва год.)
Тренер: Звонко Златановски
Резултати:

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 3 |
| Победи | 0 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 2 |

УЕФА-ФФМ Академија
Генерација на фудбалери родени 2004 (9-то одд.)
Тренер: Неџат Шабани

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 5 |
| Победи | 4 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 1 |

Вкупно одиграни меѓународни натпревари во 2018 година

| Репрезентации | | Академии | |
|---|---|---|---|
| Одиграни | 75 | Одиграни | 16 |
| Победи | 26 | Победи | 10 |
| Нерешени | 13 | Нерешени | 1 |
| Порази | 36 | Порази | 5 |

Женски национални тимови

Во текот на изминатата година повторно се активираше А националниот тим кој исто така ќе биде дел од квалификацискиот циклус во 2019 година. Изминатата година истиот одигра две подготвителни средби со репрезентацијата на Косово.

А национален тим
Одиграни 2
Победи 0
Нерешени 1
Пораз 1

Репрезентација до 19 години
И младинските репрезентации имаат можност да одиграа што повеќе натпревари како би можеле селектираните играчи да се здобијат со поголемо искуство. Истата беше дел од квалификациите во Унгарија која имаше неуспешни квалификации. Во рамките на изминатата година се одиграа и неколку пријателски средби. Вкупниот биланс на женската репрезентација до 19 години:

Одиграни 9
Победи 3
Нерешени 2
Порази 4

Репрезентација до 17 години
И младинската репрезентација до 17 години беше дел од квалификациски циклус и пријателски натпревари. Вкупниот биланс на оваа репрезентација

Одиграни 6
Победи 0
Нерешени 0
Порази 6

Женските национални тимови не задоволија со своите настапи на меѓународно ниво и затоа се планирани нови активности кои на долг рок треба да го подигнат нивото на женскиот фудбал воопшто.

Футсал национални тимови
Футсал репрезентациите на Македонија одигра неколку пријателски средби поради немање на квалификациски циклус во 2018 година. Две репрезентации одиграа пријателски средби и тоа:

| А национален футсал тим | Футсал репрезентација до 19 години |
|---|---|
| Одиграни 2<br>Победи 2<br>Нерешено 0<br>Порази 0 | Одиграни 2<br>Победи 0<br>Нерешено 0<br>Порази 2 |

Футсал националните тимови задоволително ја завршија 2018 година имајжи ги во предвид немањето на квалификациски натпревари. Но, за истакнување е враќањето на репрезентацијата до 19 години, како тим кој на долг рок треба да обезбеди нови играчи за а националниот тим. И за двете категории, во 2019 година сме домаќини на меѓународни турнири.